Врз основа Законот за високо образовани (Службен весник на Рм бр. 82/2018) и член 47 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016), како и во согласност со Статутот на Институтот за комуникациски студии, Наставно-научниот совет на Институтот за комуникациски студии, на ден 29.01.2025 година донесе:

ПРАВИЛНИК ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

Член 1

Овој правилник ги уредува формите, постапките, органите, динамиката и обврските за спроведување на процесот на самоевалуација на Институтот за комуникациски студии (во понатамошниот текст: Институтот), со цел унапредување на квалитетот на наставната, научно-истражувачката и административна дејност.

Со овој правилник се уредени следните активности:

- Основи врз кои се врши самоевалуацијата
- Постапка за самоевалуација
- Подготовка на извештајот за самоевалуација
- Оцена на дејноста на научните работници и
- Други прашања од важност за оваа тема.

Член 2

Целите на самоевалуацијата се:

- Внатрешно вреднување на квалитетот на сите аспекти на дејствување на Институтот;
- Да ги евалуира поддршката за развој на академските и применетите истражувања во областа на комуницирањето, медиумите и односите со јавноста;
- Да претстави сеопфатен преглед на научно-истражувачкиот процес на Институтот;
- Идентификација на силни и слаби страни во работата;
- Давање препораки за подобрување;
- Придонес кон развој на култура на квалитет;
- Подготовка за надворешна евалуација и акредитација.

Член 3

Процесот на самоевалуација се спроведува во согласност со:

- Законот за високо образование,
- Законот за научно-истражувачка дејност,
- Европските стандарди за обезбедување квалитет во високото образование (ESG 2015).

Член 4

Самоевалуацијата се спроведува со цел да одговори на следниве прашања:

- Кои се целите кои сака да ги постигне Институтот – која е мисијата и визијата на Институтот и на што се стреми во иднина;
- Кои чекори ги презема Институтот за да ги постигне своите цели – каков вид на истражувања, образование и услуги обезбедува Институтот. Како овие активности се поврзани со целите и мисијата на Институтот;
- Кои механизми се применуваат на Институтот за да ги оствари своите цели;
- Кои се резултатите од научно-истражувачката дејност на Институтот во текот на периодот за кој е спроведена самоевалуацијата.

Член 5

Самоевалуацијата ги опфаќа следните области:

1. Научно-истражувачка дејност.
2. Наставна дејност и програми.
3. Квалитет на академскиот кадар.
4. Студентски успех и поддршка.
5. Административна ефикасност.
6. Инфраструктура и ресурси.
7. Надворешна и меѓународна соработка.
8. Соработка со стопанството и општеството.
9. Обезбедување на квалитет.

Член 6

Самоевалуацијата ја спроведува **Комисија за самоевалуација** составена од:

- Најмалку двајца наставници или истражувачи со научно звање
- Еден административен работник
- Еден студент како полноправен член.

Еден од членовите на Комисијата се избира за претседател на Комисијата.

Комисијата се избира од страна на Наставно-научниот совет.

Комисијата самоевалуацијата ја врши според упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи.

Член 7

Комисијата има должности:

- Да собира и анализира податоци поврзани со научната активност, просторните и техничките ресурси, кадровските капацитети и надворешната соработка,
- Да проценува степен на исполнетост на целите на Институтот и предложува мерки за подобрување,
- Да оценува квалификации, публикации, проекти, учество на конференции, соработка со институции и развојни програми на кадарот,
- Да спроведува анкети и изготвува извештај со СВОТ анализа и препораки.

Член 8

Комисијата за самоевалуација ги оценува:

- Степенот на учество на научните соработници и соработниците на Институтот во остварувањето на научно-истражувачката дејност;
- Континуираното унапредување на научно-истражувачката дејност,
- Заемна поврзаност на науката и образованието,
- Координацијата на субјектите за вршење на научно-истражувачка дејност,
- Унапредување на користењето на резултатите од истражувањата.

Член 9

Институтот редовно ги оценува просторните и техничките ресурси со цел обезбедување соодветни услови за научно-истражувачка дејност, и тоа преку анализа на следниве аспекти:

- Дали просторните капацитети ги задоволуваат минималните услови за реализација на програмите и проектите,
- Дали опремата (вклучително и ИКТ ресурси) е соодветна и функционална за акредитираните дејности,
- Дали пристапот до интернет и дигитална инфраструктура ги задоволува потребите на академскиот и истражувачкиот кадар,
- Дали компјутерските лаборатории се технички опремени и достапни за студентите и истражувачите.

Член 10

Научно-истражувачката дејност на Институтот се оценува врз основа на следниве критериуми, разгледувани во период од последните пет години:

- Број и квалитет на објавени научни трудови во рецензирани меѓународни и домашни списанија, вклучително и оние со импакт-фактор,
- Области на истражување покриени од страна на истражувачкиот кадар,
- Број на иницирани и реализирани научно-истражувачки проекти,
- Учество на академскиот кадар на семинари, конференции и научни собири, како на национално, така и на меѓународно ниво,
- Гостувања и соработка со странски истражувачи и наставно-научен кадар,
- Поврзаност на истражувачките активности со регионалните и националните потреби и приоритети.

Член 11

Надворешната и меѓународната соработка на Институтот се оценува преку:

- Степен на вклученост во заеднички проекти со стопански субјекти, владини институции, невладини и високообразовни установи, во согласност со мисијата и целите на Институтот,
- Број на реализирани и тековни домашни и меѓународни проекти во последните пет години,
- Активно учество во европски програми (како ЕРАЗМУС+, Хоризонт Европа и други),
- Размена на академски кадар и студенти со домашни и странски образовни и научни институции.

Член 12

Квалитетот на академскиот кадар на Институтот се оценува врз основа на:

- Нивото на формални квалификации, научни и стручни звања;
- Бројот и структурата на кадарот во однос на програмите и научно-истражувачките потреби на Институтот;
- Балансот меѓу наставната активност и научно-истражувачката работа;
- Научна продуктивност: објавени трудови, учество во проекти, конференции и меѓународна видливост;
- Планови и активности за континуирано професионално усовршување.

Член 13

Самоевалуацијата се спроведува најмалку еднаш на секои три години. По потреба може да се изврши и интерна годишна евалуација за континуирано следење.

Член 14

Извештајот за самоевалуација содржи:

- Вовед со опис на целите, принципите и методологијата на самоевалуацијата;
- Состав на Комисијата за самоевалуација и улогите на членовите;
- Опис на постапката, инструментите (анкети, интервјуа, анализи) и периодот на спроведување;
- Анализа на следните области: наставна и научно-истражувачка дејност, ресурси, кадар, соработка, административна поддршка и внатрешни механизми за квалитет;
- СВОТ анализа (сили, слабости, можности, закани);
- Дискусија по извештајот и вклученост на академската заедница;
- Заклучоци и препораки, со план на активности за унапредување на квалитетот.

Извештајот е јавно достапен на веб-страницата на Институтот, најдоцна 30 дена по неговото усвојување од Наставно-научниот совет.

Член 15

Во текот на процесот на самоевалуација, Институтот обезбедува обработка на личните податоци на сите засегнати страни (наставен кадар, студенти, административен персонал) во согласност со начелата на законитост, правичност, транспарентност и пропорционалност.
Обработката се врши согласно со одредбите од Законот за заштита на личните податоци, при што се применуваат технички и организациски мерки за заштита на податоците.

Член 16

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи стариот Правилник за самоевалуација.
Правилникот стапува во сила со денот на неговото донесување од страна на Наставно-научниот совет.

Скопје, 29.01.2025 година **Овластено лице**

д-рМарина Тунева

